Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр.58/00, 42/02, 82/08, 167/10, 55/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 96/19 и 110/19), а во врска со член 7 став 1 алинеја 3 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр. 90/09, 188/13 и 192/15), министерката за одбрана, донесе

# *ПРАВИЛНИК*

*за утврдување на цените на услугите што ги даваат капацитетите на Министерството за одбрана – Армија на Република Северна Македонија и начинот на нивно користење*

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат цените на услугите што ги даваат капацитетите на Министерството за одбрана – Армија на Република Северна Македонија и начинот на нивно користење.

Член 2

Одделни поими употребени во овој Правилник го имаат следното значење:

1. „Капацитети на Министерството за одбрана - Армија на Република Северна Македонија“ се движни и недвижни ствари со кои располага и ги користи Министерството за одбрана - Армија на Република Северна Македонија, а кои можат да се дадат на користење на други субјекти кои имаат потреба од нивно користење (во натамошниот текст: капацитетите) како и услуги што ги даваат тие капацитети.
2. „Користење на капацитети“ е давање на користење на капацитетите на Армијата на Република Македонија на начин и под услови утврдени со договор, односно со меморандум за разбирање или технички договор.
3. „Корисници на капацитети“ се субјекти (органи на државната управа, органи на локалната самоуправа, граѓани домашни физички и правни лица и вооружени сили на странски држави за учество во вежби и вежбовни активности) кои ги користат капацитетите во точно определено време и на точно определен начин (во натамошниот текст: корисниците).

Член 3

Капацитетите од страна на органите на државната управа, органите на локалната самоуправа и домашни правни лица се користат под услови и на начин

утврдени со договор склучен меѓу Министерството за одбрана и корисниците.

Капацитетите од страна на вооружени сили на странски држави за учество во вежби и вежбовни активности, како и користење на капацитетите од страна на дипломатски или воени претставништва и канцеларии, како и воени аташеи се користат под услови и на начин утврдени со Меморандум за разбирање, со технички договор или договор.

Капацитетите се користат согласно елаборатите за користење на истите.

Член 4

Капацитетите првенствено се наменети за потребите на Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Арамијата).

Капацитетите може да ги користат и други правни и физички лица, односно органи на државната управа, органите на локалната самоуправа, како и други домашни и странски правни или физички лица, доколку истите во моментот не се ангажирани од Министерството или Армијата.

Известувањето за расположливост на капацитетите и услугите ја дава Генералштабот на Армијата или Секторот за угостителство, туризам, возен парк, одржување и обезбедување на Министерството (согласно Правилникот за внатрешна организација на Министерството и Актот за формација на Армијата).

За користење на капацитетите на Армијата на Република Северна Македонија, може да се потпише договор за користење во подолг временски период, но најмногу до една година и тоа во термините кога не се одржуваат манифестации или не се користат капацитетите за потребите на Министерство за одбрана и Армијата.

Член 5

Капацитетите и услугите од членот 2 став 1 точка 1 од овој Правилник се користат со надоместок.

Висината на надоместокот за користењето на капацитетите и извршените услуги од член 2 став 1 точка 1 од овој Правилник е утврдена со ценовници на услугите дадени во Прилог 1 и 2, кои се составен дел на овој Правилник.

Висината на надоместокот за користењето на капацитетите и услугите од член 2 став 1 точка 1 на овој Правилник за потребите на странски правни и физички лица и вооружени сили на странски држави за учество во вежби и вежбовни активности, согласно ценовниците на услугите кои се дадени во Прилог 1 и 2 на овој Правилник, ќе се пресметува во девизен курс за евро и долар согласно продажниот курс на Народна банка на Република Северна

Македонија на денот на фактурирање на услугата.

Надоместокот, утврден со ценовниците на услугите од став 2 на овој член е со пресметан ДДВ.

Член 6

Капацитетите и услугите од член 2 став 1 точка 1 на овој Правилник може да се дадат на користење без надоместок, исклучиво, за одржување на настани од јавен интерес или во случаи за кои Министерството или Армијата имаат склучено меморандум за разбирање, технички аранжман или договор, во следните случаи:
1. На органи од државна управа и локална самоуправа за поддржување на дејности од јавен интерес;
2. На Црвен крст на Република Северна Македонија;
3. На здруженија, фондации и други правни лица за поддржување или промовирање на дејности од јавен интерес без остварување на комерцијална добивка (Договорот за користење стапува во сила по доставено Решение за потврдување на јавен интерес за донации и спонзорства во јавните дејности од Министерство за правда);
4. За дипломатски или воени претставништва и канцеларии, како и воени аташеи согласно склучен меморандум за разбирање, технички аранжман или договор;
5. На воени пензионери, ветерани и генерали доколку Генералштабот на Армијата позитивно се изјасни во врска со барањето.

Член 7

Одобрување за користење без надомест на капацитетите и услугите од член 2 став 1 точка 1 на овој Правилник дава министерот/ката за одбрана или лице што ќе го овласти преку потпишување на договор меѓу Министерството со корисниците, а по препораката за расположливост на капацитетите и услугите од Генералштабот на Армијата, или Секторот за услуги и туризам, возен парк, одржување и обезбедување на Министерството.

Член 8

Генералштабот на Армијата и Секторот за услуги и туризам, возен парк, одржување и обезбедување при Министерството имаат обврска:
1. Уредно и ажурно да ги евидентираат поднесените барања и согласности за користење на капацитетите и услугите на Армијата;

2. Ажурно да ги евидентираат податоците во книгата за настани и нивно поврзување со останатата поткрепувачка документација;
3. Навремена достава до сметководство за нивно евидентирање;
4. Тековно да ги ажурираат ценовниците;
5. Хронолошки да ги водат архивските броеви при донесување на решенија за цени;
6. Да испраќаат месечен извештај до раководителите на сите организациони единици во Министерството и Генералштабот, како и до Кабинетот на министерот/министерката за одбрана и Кабинетот на Началникот на Генералштабот, за склучени договори со надворешни корисници на капацитетите на Армијата преку кои се овозможува користење без надомест на услуги или материјални средства за потребите на Министерството или Армијата.

Член 9

За спроведување на одредбите од Правилникот, одговорни се соодветните раководители на Генералштабот на Армијата и Секторот за услуги и туризам, возен парк, одржување и обезбедување на Министерството.

Член 10

Висината на надоместокот за угостителски услуги и останатите услуги што се извршуваат во ресторaните (вклучително и ресторанот во Домот на Армијата), бифеата, кантините, угостителско-туристичките и другите објекти се определува со посебно решение.

Член 11

Потребата од користење на капацитетите и услугите на Министерството - Армијата се најавува во писмена форма, со барање назначено до Министерството за одбрана - Сектор за услуги и туризам, возен парк одржување и обезбедување или Генералштаб на Армијата.

Барањето се доставува најдоцна 30 дена пред користење на услугите. За итни случаи може да се направи исклучок.

Во барањето се наведува називот/име и презиме на барателот со сите податоци за адреса и контакт, капацитетот/услугата што се бара за користење, опис на манифестацијата што се одржува, точниот термин, како и други поединости.

Бараниот капацитет, односно услуга, може да се користи по

потпишувањето на договор за користење на услугите, односно по исполнување на условите за важност на договорот за користење без надомест или компензиран надомест.

За барањата за користење на капацитети и услуги без надомест се пополнува образецот-Прилог 3, кој е составен дел на овој Правилник.

Член 12

За користење на услугите, односно капацитетите, со корисникот се потпишува договор за користење услуги во кои што се определуваат условите и начинот на користење на услугите, висината на надоместокот (услови за ослободување или компензирање на надомест), како и други права и обврски на договорените страни.

Член 13

Корисникот на услугите, односно капацитетите од член 2 став 1 точка 1 на овој Правилник е должен и одговорен да го почитува востановениот ред во капацитетите и не смее да внесува алкохолни и други пијалаци, храна и прехранбени продукти.

Доколку во текот на одржувањето на манифестацијата се причини штета на имотот и објектот во кој се одржува истата, корисникот е должен да ја надомести штетата.

Висината на надоместокот ќе ја утврди Министерството за одбрана.

Член 14

Доколку одреден корисник на капацитети и услуги покажува непочитување на правилата на користење на капацитетите, недисциплинирано однесување, кршење на редот и правилата на службата пропишано од Министерството и Армијата за одредениот објект, може да се прекине манифестацијата или користењето на услугата, односно по нејзино одржување писмено да се извести корисникот дека повеќе не ќе може да ги користи капацитетите и услугите од член 2 став 1 точка 1 на овој Правилник.

Член 15

Доколку од ист корисник просториите во Домовите на Армијата на Република Северна Македонија се користат три или повеќе пати во месецот за културно-уметнички приредби, за драмски и уметнички манифестации, за филмски презентации и слично кои се прикажуваат, односно одржуваат и за припадниците на МО и Армијата, на корисникот може да му се определи

попуст од 25% од пропишаниот надоместок утврден со Прилог 1 и 2 од овој Правилник.

Член 16

Во случаи на заедничка организација на културно-уметнички настан (концерти, приредби и друго), соорганизаторот на настанот е должен да ги надомести трошоците за изведувачите (хонорар, патни трошоци, сместување, исхрана и друго), како и трошоците за другите давачки: данок, ЗАМП и слично. Билетите од заеднички организираниот настан се распоредуваат на организационите единици на Министерството и Генералштабот на Армијата, водејќи сметка за рамноправна распределба.

Член 17

Спроведувањето на наплатата за користењето на капацитетите се врши на начин и постапка пропишани со Упатството за начинот на склучување договори и спроведување на наплатата на приходите во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија Бр.021138/1 од 12.02.2016 година.

Член 18

Со влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да важи Решението за утврдување на условите и начинот на користење на висината на надоместокот за користење на услугите што се вршат во Домовите на АРМ и други објекти бр. 02-937/4 од 18.09.2008 година, Правилникот за утврдување на висината на надоместокот на услугите за користење на капацитетите на Армијата на Република Македонија бр. 01-5252/1 од 30,10,2014 година, бр.01-5252/3 од 19.11.2014 година бр.01-3893/1 од 24.06.2015 година бр.01- 1401/3 од 25.02.2016 година бр.01-5745/1 од 20.10.2017 година,

Бр. 01-1356/1
28.03.2023 година
Скопје

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
с.р. Славјанка Петровска

ЦЕНОВНИК

на услугите во Домовите на Армијата на Република Северна Македонија

## I. КОРИСТЕЊЕ НА КОНЦЕРТНАТА И ДРУГИТЕ САЛИ ВО ДОМОТ НА АРМИЈАТА

Надоместокот за времено користење на Концертната и другите сали во Домот на Армијата на Република Македонија во Скопје, изнесува:

**Концертна сала**

| | | | |
|---|---|---|---|
| - за еден концерт | ................................ | 30,000.00 | МКД |
| - за два концерти во исти ден | ................................ | 41,000,00 | МКД |
| - за театарски претстави | ................................ | 24,000,00 | МКД |
| - две претстави во ист ден | ................................ | 35,000,00 | МКД |
| - модни ревии | ................................ | 30.000,00 | МКД |
| - модна ревија со проба во друг ден | ................................ | 35.000,00 | МКД |
| - музичко фолклорни фестивали | ................................ | 40.000,00 | МКД |
| - проба за МФФ во друг ден | ................................ | 50.000,00 | МКД |
| - конгреси, симпозиуми, конференции и сл. | ................................ | 30.000,00 | МКД |
| - културно уметнички изведби на детски установи, училишта, хуманитарни друштва и невладини организации | ................................ | 14.000,00 | МКД |
| - концерт на КУД | ................................ | 18.000,00 | МКД |
| - филмска претстава | ................................ | 11.000,00 | МКД |
| - комерцијални презентации | ................................ | 24.000,00 | МКД |

## II. КОРИСТЕЊЕ НА ТЕХНИЧКИ УСЛУГИ

Надоместокот за времено користење на услугите за озвучување, снимање во просториите/капацитетите, изнесува:

**Озвучување**

- до 2 час ............................ 5,000.00 МКД
- до 4 часа ............................ 7.000,00 МКД
- до 10 часа ............................ 10.000,00 МКД

## III. КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОРОТ ЗА ИЗЛОЖБИ (холови и друго)

Надоместокот за времено користење на изложбениот простор во Домот на Армијата на Република Северна Македонија во Скопје, изнесува:

- за еден ден ............................ 8,000.00 МКД
- промоции на книги ............................ 7.000,00 МКД

**Предавања, трибини, седници и сл.**

- до 2 часа ................................ 7,000.00 МКД
- до 4 часа ................................ 10.000,00 МКД
- до 10 часа ................................ 11.800,00 МКД

**Прес конференции**

- дневно ................................ 5.000,00 МКД

**Комерцијални изложби и презентации на технички средства опрема и сл.**

- дневно ................................ 18.000,00 МКД

**Видео бим**

- дневно ................................ 5.000,00 МКД

## IV. КОРИСТЕЊЕ НА ДРУГИ ПРОСТОРИИ ВО ДОМОТ НА АРМИЈАТА-СКОПЈЕ

Надоместокот на времено користење простории од Домот на Армијата на Република Северна Македонија се:

**<u>Користење на апартман</u>**

| | | | |
|---|---|---|---|
| - за едно ноќевање/лице | ............ | 2,000.00 | МКД |
| - за едно ноќевање/лице припадник на МО и Армијата | ............ | 500,00 | МКД |
| - за еден месец/лице | ............ | 14,000.00 | МКД |
| - за еден месец/лице припадник на МО и Армијата | ............ | 3,000.00 | МКД |

**<u>Користење на еднокреветна соба</u>**

| | | | |
|---|---|---|---|
| - за едно ноќевање/лице | ............ | 800.00 | МКД |
| - за едно ноќевање/лице припадник на МО и Армијата | ............ | 350,00 | МКД |
| - за еден месец/лице | ............ | 7,000,00 | МКД |
| - За еден месец/лице припадник на МО и Армијата | ............ | 2.000,00 | МКД |

Цените се изразени со пресметан ДДВ.

Прилог 2

ЦЕНОВНИК
на услугите за користењето на капацитетите
на Армијата на Република Северна Македонија

## I. СМЕСТУВАЧКИ КАПАЦИТЕТИ

**1. АП Криволак (дневно):**

**ЦО Пепелиште:**

| | | | |
|---|---|---|---|
| - апартман (тврда градба) лице | ............................ | 1200,00 | МКД |
| - соба (тврда градба)/лице | ............................ | 600,00 | МКД |
| - барака (тврда градба)/лице | ............................ | 400,00 | МКД |
| - контејнер (монтажен објект)/лице | ............................ | 230,00 | МКД |
| - место за шатори/лице | ............................ | 80,00 | МКД |

**Камп Стрела:**

| | | | |
|---|---|---|---|
| - контејнер (монтажен објект) нов дел/лице | ............................ | 400.00 | МКД |
| - контејнер (монтажен објект) стар дел/лице | ............................ | 230,00 | МКД |
| - место за шатори/лице | ............................ | 80,00 | МКД |

**Камп Оган:**

| | | | |
|---|---|---|---|
| - место за шатори/лице | ............................ | 80.00 | МКД |

**Камп Ливада:**

| | | | |
|---|---|---|---|
| - место за шатори/лице | ............................ | 80.00 | МКД |

**2. Камп за обука на вода – Охрид (дневно)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| - контејнер (монтажен објект)/лице | ............................ | 400.00 | МКД |

**3. Касарна (дневно)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| - соба (тврда градба)/лице | ............................ | 400.00 | МКД |

# II. СТРЕЛИШТА

## 1. АП Криволак:

- стрелиште за гаѓање на цели на земја со артилериско ракетно вооружување за ПВО:
- стрелиште за гаѓање на цели во воздух со артилериско ракетно вооружување и ракетни системи за ПВО;
- стрелиште за гаѓање, рекетирање и бомбардирање со воздухоплови;
- стрелиште за артилериско бојно гаѓање;
- стрелиште за гаѓање со вооружување на оклопни борбени возила;
- стрелиште за опитно гаѓање;
- стрелиште куќа за гаѓање ‘Волк”;
- стрелиште за гаѓање со пешадиско вооружување “Шкорпија”;
- стрелиште за гаѓање со пешадиско вооружување “Брест”:
- стрелиште за гаѓање со рачна бомба “Слатина”.

- За органите на државната управа, домашни физички и правни лица:
  - за ден ................................................... 150,000.00 МКД
  - за час ................................................... 10,000,00 МКД
- За надворешни правни лица и вооружени сили на странски држави:
  - за ден ................................................... 300,000.00 МКД
  - за час ................................................... 50,000,00 МКД

## 2. Гарнизони

- стрелиште за гаѓање со пешадиско вооружување “Долно Оризари” – Велес;
- стрелиште за гаѓање со пешадиско вооружување “Петровец” – Петровец;
- стрелиште за гаѓање со пешадиско вооружување „Леково” – Прилеп;
- стрелиште за гаѓање со пешадиско вооружување „Пенуш” – Штип;
- стрелиште за гаѓање со пешадиско вооружување „Осој” – Кичево;
- стрелиште за гаѓање со пешадиско вооружување „Красте” – Куманово;
- стрелиште за гаѓање со пешадиско вооружување „Еребино” –

Тетово;
- стрелиште за гаѓање со пешадиско вооружување „Стенковец" – Скопје.

- За органите на државната управа, домашни физички и правни лица:
  - за 8 часа ................................................ 10,000.00 МКД
  - за час ................................................ 3,000,00 МКД
- За надворешни правни лица и вооружени сили на странски држави:
  - за 8 часа ................................................ 20,000.00 МКД
  - за час ................................................ 8,000,00 МКД

Во цената на користење на стрелиштата не е пресметано физичкото обезбедување на стрелиштата.

## III. ВЕЖБАЛИШТА

1. **Вежбалишта за обука:**
   - вежбалиште за инженерска обука;
   - вежбалиште за обука по АБХО;
   - вежбалиште за операции во урбана средина „Мушанци";
   - вежбалиште за операции во рурална средина „Африканско село"
   - планинско вежбалиште за операции во урбана средина „Јокуш";
   - вежбалиште за обука на конвои „Енешево";
   - вежбалиште за обука на конвои „Штркалево";
   - вежбалиште за обука на конвои, полигон за обука во касарната „Јане Сандански", гарнизон Штип;
   - вежбалиште за обука за операции за поддршка на мирот, полигон за обука во касарната „Јане Сандански" гарнизон Штип.

- За органите на државната управа, домашни физички и правни лица:
  - за ден ................................................ 90,000.00 МКД
  - за час ................................................ 15,000,00 МКД
- За надворешни правни лица и вооружени сили на странски држави:
  - за ден ................................................ 180,000.00 МКД
  - за час ................................................ 30,000,00 МКД

2. **Работилнички капацитети во касарната “Страшо Пинџур” – Петровец**
   - Работилница-хангар за сервисирање на воздухоплови
     - за ден ................................................ 35,000,00 МКД

3. **Спортски капацитети:**
   - тревнато игралиште:
     - за еден час ................................................ 1,500,00 МКД
   - спортска сала:
     - за еден час ................................................ 1000,00 МКД
   - тениски терен:
     - за еден час ................................................ 600,00 МКД
   - активен воен и цивилен персонал, вработените во Министерството за одбрана и воените пензионери, како и членови на нивните семејства:
     - годишно ................................................ 500,00 МКД
   - сала за пинг-понг:
     - за еден час .......................... 1800,00 МКД
   - организирање музички концерти или други културно уметнички настани:
     - дневно ............................... 50,000,00 МКД

   - Мотодром во касарната “Чеде Филиповски – Даме” - Кичево:
     - домашни физички лица (поединец)/час .............................. 1,500,00 МКД
     - странски физички и правни лица/час ................................ 2,500,00 МКД
     - за организирани натпревари ................................ 5,000,00 МКД

## IV. ИНЖИНЕРИСКИ МАШИНИ

- Користење на инженериски машини **по 1 (еден) работен час**
  - Копач................................................................................................. 8,000,00 МКД
  - Дозер ................................................................................................ 10,000,00 МКД
  - Грејдер.............................................................................................. 9,000,00 МКД

- Комбинирана инженериска машина............................ 8,000,00 МКД
- Самоистоварувач со приколки.......................................... 10,000,00 МКД
- Влечен воз за инженериски машини............................ 18,000,00 МКД
- Ваљак............................................................................................. 6,000,00 МКД

## V. УСЛУГИ

**1. Исхрана:**

▪ користење на кујнско-трпезариски блок со подготовка на оброци со артикли и персонал ангажиран од Армијата

| | | | |
|---|---|---|---|
| - целодневен оброк/лице | ...................... | 720,00 | МКД |
| - појадок/лице | ...................... | 180,00 | МКД |
| - ручек/лице | ...................... | 330,00 | МКД |
| - вечера/лице | ...................... | 210,00 | МКД |
| - сув, дневен оброк/лице | ...................... | 600,00 | МКД |
| - флаширана вода за пиење (зависи од набавната цена) | ...................... | / | МКД |

▪ користење на кујнско-трпезариски блок со подготовка на оброци со артикли од надворешни субјекти и без ангажиран персонал од Армијата

| | | | |
|---|---|---|---|
| - целодневен оброк/лице | ...................... | 140,00 | МКД |
| - појадок/лице | ...................... | 35,00 | МКД |
| - ручек/лице | ...................... | 65,00 | МКД |
| - вечера/лице | ...................... | 40,00 | МКД |

▪ користење на кујнско-трпезариски блок со подготовка на оброци со артикли од надворешни субјекти и со персонал ангажиран од Армијата

| | | | |
|---|---|---|---|
| - целодневен оброк/лице | ...................... | 310,00 | МКД |
| - појадок/лице | ...................... | 80,00 | МКД |

- ручек/лице ..................... 140,00 МКД
- вечера/лице ..................... 90,00 МКД

▪користење на трпезариски блок (доколку не се користи исхрана)
- цел блок за ден ..................... 12,000,00 МКД
- цел блок за оброк ..................... 4,500,00 МКД

**2. Перење на алишта:**
- килограм ..................... 100,00 МКД

**3. Користење на магацински простор за затворени објекти:**
- м² дневно ..................... 50,00 МКД

**4. Користење на шатори (со монтирање и демонтирање):**
- шатор мал команден ..................... 800,00 МКД
- шатор голем команден ..................... 4,000,00 МКД
- столица полска ..................... 150,00 МКД
- маса полска ..................... 150,00 МКД

**5. Мобилни тоалети:**

По, набавната цена по која Министерството за одбрана ги обезбедува своите потреби.

**6. Контејнери за смет:**

По, набавната цена по која Министерството за одбрана ги обезбедува своите потреби.

**7. Погонско гориво за моторни возила (дополнително побарување):**

По, набавната цена по која Министерството за одбрана ги обезбедува своите потреби зголемени за 10% по основ на манипулативни трошоци и амортизација.

**8. Муниција (боева и маневарска):**

Само за органите на државна управа и вооружени сили на странски држави при изведување на вежбовни активности.

По, набавната цена по која Министерството за одбрана ги

обезбедува своите потреби зголемена за 10% за манипулативни трошоци:

- куршум .9х19мм
- куршум 5,56х45мм
- куршум 7,62х39мм
- куршум 7,62х54мм за МИТ.М84
- куршум 7,62х51мм за МИТ МГ3
- куршум 12,7х99мм
- куршум 12,7х108мм
- куршум 14,5мм
- куршум 7,62х54мм за снајпер
- куршум 7,62 за ВЦ за ВРРФ 64мм „Зоља"
- граната 30мм за АФГ
- граната 40х46мм
- мина 60 мм за минофрлач
- мина 82 мм за минофрлач
- мина 120 мм за минофрлач
- граната 105 мм за хаубица
- рачна бомба
- мини противтенковски
- топовски удар
- бомба рачна флеш
- бомба рачна шок

**9. Ангажирање на моторни возила:**

| | | | |
|---|---|---|---|
| - теренско моторно возило и возач (над 100 км се доплаќа плус 40МКД/км) | . ................ | 6,000.00 | МКД |
| - товарно моторно возило до 5т и возач (над 100 км се доплаќа плус 40 МКД/км) | ................. | 7,000.00 | МКД |
| - цистерна за гориво и возач (над 100 км се доплаќа плус 70 МКД/км) | ................. | 9,000.00 | МКД |
| - цистерна за вода и возач (над 100 | ................. | 9,000.00 | МКД |

км се доплаќа плус 70 МКД/км)

- виљушкар или механизација за утовар-истовар со возач ................. 5,000.00 МКД

- автобус и возач (над 100 км се доплаќа плус 60 МКД/км) ................. 10,000.00 МКД
- комбе со 8 (осум) седишта и возач (над 100 км се доплаќа плус 40 МКД/км) ................. 8,000.00 МКД

**10. Транспортен хеликоптер**

- летање/час ................. 450.000.00 МКД
- приправност ................. 60,000.00 МКД

**11. Ангажирање на медицински тим (лекар, болничар, возач и санитетско м/в;**

- теренско моторно возило и возач (над 100 км се доплаќа плус 25 МКД/км) ................. 18,000.00 МКД

**12. Ангажирање на "EOD" тим;**

- 5 (пет) лица и моторно возило/ден ................. 35,000.00 МКД

**13. Ангажирање на;**

- Противпожарна екипа о д7 (седум) лица и товарно моторно возило до 5 (пет) тона/ден (над 100 км се доплаќа плус 40 МКД/км и за секое дополнително ангажирано лице се доплаќа 3,800.00 МКД) ................. 35,000.00 МКД
- Противпожарно возило со 5 (пет) лица - командир, возач и три

манипуланти
(над 100 км се доплаќа плус 7 МКД/км) ................. 35,000.00 МКД

**14. Ангажирање на персонал работен ден/викенд, празник;**

- офицер ..................... 3.200,00/4.000,00 МКД
- подофицер ..................... 3.000,00/3.800,00 МКД
- професионален војник ..................... 2.800,00/3.600,00 МКД

**15. Користење на телефонски приклучок од воена мрежа;**

- објект со постоечка кабелска инфраструктура (седум дена) плус 5% манипулативни трошоци ...................... 300.00 МКД
- контејнер (монтажен објект), стрелиште и вежбалишта без постоечка кабелска инфраструктура (седум дена) плус 5% манипулативни трошоци ...................... 600.00 МКД

* Во цената се вклучени телефонски апарат, телефонски сообраќај во воената телефонска мрежа и прием на дојдовни повици. По поставувањето на нова ДАТЦ, на барање на корисникот може да бидат овозможени и појдовни повици кон јавната телефонска мрежа, кои ќе се наплаќаат согласно ценовникот и методологијата на пресметка на јавните телекомуникациски провајдери (време на разговор Х цена добиена од “Македонски Телекомуникации”.

**16. Користење на радио и радио-телефонски уреди без заштита;**

- Радио телефонски уред МВФ/УВФ без заштита ..... 1.000,00 МКД
- Радио уреди (ВФ/МВФ) без заштита ................. 2,500.00 МКД

* Во цената за користење на радио и радио телефонскиот уред е

вклучена резервна батерија и еден  полнач за батерии за минимум 3 изнајмени уреди

**17. Користење на информатичка опрема:**

- персонален сметач – десктоп/ден ................. 2.000,00 МКД
- персонален сметач – преносен/ден .................. 3,000.00 МКД

* Во цената за користење на персонален сметач е вклучено и користење на интернет согласно важечките правила и прописи на Армијата за користење на истиот. Користење на интернет преку компјутер кој не е сопственост на Армијата нема да биде овозможено.

- печатар ласерски во боја/ден плус 5,00 МКД/страница ...................... 600.00 МКД
- печатар ласерски мрежен црна боја/ден плус 2,00 МКД/страница ...................... 300.00 МКД
- Печатар мултифункционален црна боја/ден плус 2,00 МКД/страница ...................... 500.00 МКД

* За ангажирање на опремата се пресметува и ангажирање на персонал по врски за поставување и демонтирање на опремата:

- подофицер ...................... 2.400,00 МКД
- професионален војник ...................... 2.000,00 МКД

**18. Ангажирање на кујна автоприколка од 300 литри и прибор, ангажирање на персонал и ангажирање на товарно м/в**

- за подготовка и поделба на оброци од надворешни субјекти /ден ...................... 10.000,00 МКД

**19. Ангажирање на воен бенд од воениот оркестар без превоз:**

- во Скопје/час ...................... 10.000,00 МКД
- надвор од Скопје/час ...................... 12.000,00 МКД

**20. Ангажирање на воениот оркестар без превоз:**

- во Скопје/час ...................... 18,000.00 МКД
- надвор од Скопје/час ...................... 20,000.00 МКД

Прилог 3

До
Министерство за одбрана на Република Северна Македонија
Сектор за угостителство, туризам, возен парк, одржување и обезбедување
ГШ на Армијата
Ул. Орце Николов бр.116
1000, Скопје
Република Северна Македонија

**БАРАЊЕ/ИЗЈАВА ЗА КОРИСТЕЊЕ БЕЗ НАДОМЕСТ НА КАПАЦИТЕТИ/УСЛУГИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Јас, ________________________________ во својство на __________________________ на __________________________________________, со седиште на ул. ________________________ бр. _________, ___________________, Република Северна Македонија, телефон _______________, е-пошта: ____________________________, поднесувам барање за бесплатно користење на ______________________________________________, за реализација на ___________________________________, на датум _______________ година, во термин од _______ до ________ часот.

___________________________________претставува проект од јавен интерес преку остварување на ______________________________________, и под целосна морална, материјална и кривична одговорност изјавувам дека истиот нема да го злоупотребиме за остварување на комерцијална добивка.

**Скопје________________година**

**Изјавил**

_________________________

*(своерачен потпис и печат )*